УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ
„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

СКОПЈЕ

08

2019-2021

Скопје, март 2023

Издание на Православниот богословски факултет
„Свети Климент Охридски“ – Скопје

Првиот број на *Билтенот* е објавен како прилог кон број 5 на „Весник“ – Службен лист на македонската православна црква – Охридска архиепископија

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски, декан

Уредници: доцент д-р Анета Јовковска и м-р Билјана Петковска

Умножено на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје

Тираж 3 примероци

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски"-Скопје-придружна членка
Примено: 10.10.2019
Орг. един. | Број: 143/2 | Прилог: | Вредност:

До Наставно-научниот совет
при Православниот богословски факултет
„Свети Климент Охридски" во Скопје

Во врска со Конкурсот за *Избор на еден асистент по предметот: Канонско право*, објавен во дневниот весник „Вечер", бр. 17063 од 28 јуни 2019 година, Наставно-научниот совет при Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" – Скопје на својата редовна седница, одржана на 13 јуни 2019 година (Зап. бр. 2/2019) определи Комисија за избор на еден асистент по предметот: Канонско право, која го доставува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот Конкурс за избор на еден асистент по предметот: *Канонско право* се пријави само еден кандидат.

1. Кандидатот, Илче Мицевски-Игнат, е роден на 03 август 1984 година во Битола. Своето високо образование (три циклуси) го стекнал на *Факултетот за православна теологија* при *Букурешкиот универзитет* во Букурешт, Романија. Прв циклус високо образование (додипломски студии) запишал во 2006 година, на Катедрата по теологија, студии: *Пастирско богословие*, а го завршил во јануари/февруари 2011 година со просечен успех од 9.25.

- Втор циклус студии (магистерски студии) запишал во 2011 година на Катедрата по теологија, студии: *Христијанското учење и култура* и, истите ги завршил во 2013 година со просечен успех 10.0.

2. Во прилог на неговата *Пријава* за Конкурсот, кандидатот Илче Мицевски-Игнат, приложил:

- *Биографија*;

- *Диплома за завршен прв циклус студии* (копија, романски јазик), со додаток: *Табела со постигнати резултати од испитите од прв циклус* (копија, романски јазик), издадени на 01.10.2012 година од страна на Секретаријатот на теолошкиот факултет при Букурешкиот универзитет, Букурешт, Романија, како и соодветно *Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство* издадена од Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија (УП1, Бр. 24-1833 од 31.10.2019, Скопје);

- *Диплома за завршен втор циклус студии* (копија, романски јазик), со додаток: *Табела со постигнати резултати за завршување на студиите* (копија, романски јазик), издадени на 22.05.2014 година од страна на Секретаријатот на теолошкиот факултет при Букурешкиот универзитет, Букурешт, Романија, како и соодветно *Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство* издадена од Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија (УП1, Бр. 24-1835 од 31.10.2019, Скопје).

3. Како дел од приложената *Кратка биографија* кандидатот дава и список на негови учества на научни средби и симпозиуми, како и список на публикувани студии.

4. Кандидатот Илче Мицевски-Игнат се користи со романски и англиски јазик.

Имајќи го предвид сето претходно посочено му предлагаме на Наставно-научниот совет при Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" во Скопје да го избере м-р Илче Мицевски-Игнат во звањето асистент по предметот *Канонско право*.

Членови на комисијата:

1. Д-р Дејан БОРИСОВ,
Вонреден професор на Православниот богословски факултет

2. Д-р Ѓоко Ѓорѓевски,
редовен професор на Православниот богословски факултет

3. Д-р Ратомир Грозданоски
Редовен професор на Православниот богословски факултет

Скопје, 13 ноември 2019 година